Во рамките на предвидениот рок од 30 дена, 17.10 до 16.11.2014 година за поднесување на предлози, измени и дополнувања на „**Нацрт – Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за телевизиско и радио емитување**“, Ви ги испраќам следниве забелешки:

**Член 2**

- Пишува: Секој радиодифузер во својот објект треба да поседува непрекинато напојување со кое ќе обезбеди СТРУЈНА независност

- Предлог: наместо СТРУЈА треба да се користи термин ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕГИЈА

  Во текстот подолу наместо СТРУЈНА независност да пишува ЕНЕРГЕТСКА независност односно НЕПРЕКИНАТО НАПОЈУВАЊЕ

**Член 2**

-Предлог: Во став 4 да се избрише зборот КАПАЦИТЕТ и КОЈА НЕ КОРИСТИ ОГРАНИЧЕН РЕСУРС (фреквенција – радиофреквенциски спектар е ПРИРОДНО ограничен ресурс и има свој капацитет, сателит за радиодифузија е на Геостационарната орбита која е ПРИРОДНО ограничен ресурс и има свој капацитет ...)

**Член 2**

Став 1 прва реченица: за да врши РАДИО или ТЕЛЕВИЗИСКО ...

Став 1 втора реченица: дозвола за ТЕЛЕВИЗИСКО и РАДИО

Наслов на Нацрт – Правилникот: **за ТЕЛЕВИЗИСКО и РАДИО**

**Глава III**: Се однесува на РАДИО

**Глава V:** Се однесува на ТЕЛЕВИЗИЈА

- Предлог: Секаде да биде прво РАДИО, а второ ТЕЛЕВИЗИЈА

  (се кажува Македонска радиотелевизија, а не обратно, прво било радио а потоа телевизија)

**Член 7**

- Пишува: Секоја радио СТАНИЦА

- Предлог: да се брише СТАНИЦА

- Пишува: треба се смести и активна опрема

- Предлог: треба **ДА** се смести

**Член 8**

- Пишува: на ВИСИНАТА и динамиката на ТОНОТ

  На каква висина се однесува – постои фреквенциски опсег за тонот од - до kHz, а во динамиката максимално ниво

-Предлог: 1. Да се додефинира за висината на што се однесува.

  2. Обично се користи термин ЗВУЧНА радиодифузија, а не ТОНСКА радиодифузија

**Член 9**

Почнува од државно, регионално до локално ниво (од поголемо кон помало)

**Глава V и Член 10**

Почнува од локално до регионално до државно (од помало до поголемо)

**Член 10**

-Пишува: (телевизиско)

-Предлог: да се избрише заградата

Јован Митевски